*Доброто ќе го*
*победи злото*

**Дехран Хајдар**
**ДОБРОТОЌЕ ГО ПОБЕДИ ЗЛОТО**

**Дизајн на корицата:**
Лазар Томовски

**Јазична редакција:**
Мелита Томовска

**Издава:**
АИК „Знаци на времето“
Скопје, ул. Влае бр. 42

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Печати:**
„МАРИНГ“ - Скопје

# Доброто ќе го победи злото

# Содржина:

1. Каде, како и кога започнала Големата борба? . . . . . . . . . 9

2. Како планетата Земја била вовлечена во Големата борба? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 24

3. Учесниците во Големата борба и нивната тактика на војување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39

4. Предметот на Големата борба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55

5. Страдањата на човекот и Големата борба . . . . . . . . . . . . 77

6. Големата борба во животот на Исуса Христа . . . . . . . . . 88

7. Како и кога ќе заврши Големата борба? . . . . . . . . . . . . 109

8. За која страна ќе се определиш во Големата борба? . 122

# Предговор

Една од најомилените теми на повеќето романи, филмови, бајки и приказни и на многу човечки замисли е темата: *Како доброто ќе го победи злото?* Во таа насока во мислите на луѓето се јавуваат мноштво најразлични идеи во зависност од тоа какво сфаќање имаат за доброто и злото. И покрај тоа што се присутни мноштво такви идеи, сите тие имаат една иста желба - доброто да го победи злото. Оваа нивна заедничка желба се темели на фактот што злото е многу реална категорија во нашиот живот. Тоа сите нас нè погодува. Злото е присутно насекаде околу нас и во на нас. Тоа е наше секојдневие и неминовно сите постојано се соочуваме со него.

Нашата вознемиреност и загрижен расте кога ќе вклучиме кој било ТВ канал, радио станица, или ќе отвариме некој весник, списание, интернет страница, зашто се соочуваме со неправди, неволји, грабежи и крвопролевање. Душата нè боли кога гледаме како невини беспомошно страдаат и умираат. Целата земја е преплавена со крв и солзи.

Во тоа секојдневно соочување со злото често пати забележуваме дека тоа е посилно од нас и ние сме немоќни да излеземе на крај со него. Во таа своја беспомошност сами да го решаваме проблемот со злото нам единствено нешто што ни останува е да поставуваме прашања:

Зошто се случува сето тоа? Има ли излез од злото? Може ли некој да ни излезе во пресрет да ни помогне? Дотолку повеќе: Што знаеме за зачетокот на секое зло? Од каде сè почнало? Како сме биле вовлечени во овој вековен судир? До кога ќе трае тоа? Каков е излезот од проблемите што ги нанесува злото на оваа наша таговна земја?

Овие прашања, и безброј други слични на нив, нè водат кон она што Светото писмо го нарекува Големата борба меѓу Бога и ѓаволот, односно Големата борба меѓу доброто и злото. Оваа тема е суштинска тема на целото Свето писмо. Од првата до последната страница на Библија, на овој или

на оној начин, ни се опишува ова борба, нејзиниот почеток, нејзиното траење и нејзиниот завршеток.

Книгата што ја држите во своите раце, *Доброто ќе го победи злото*, не е само еден обид или една желба повеќе да се дојде до одговорот на ова прашање кој сите нас нè засега. Оваа книга, од библиска гледна точка, го третира проблемот на појавата на злото, неговите последици, како и решението што Бог го нуди. Во Библијата Бог ни открива дека човештвото има непријател, но победен непријател. Бог направил сè за да се надмине злото и неговите последици. Книгата дава опис како Бог ја извојувал таа чудесна победа над гревот и што направил за да го спаси човекот.

Затоа, пред секој поединец стои изборот: дали ќе го прифати Божјото спасение или ќе го отфрли. Како ќе одговори на Божјиот план на спасение, тоа зависи само од човековата слободна волја.

На чија страна ќе застанеме во овој судир?

Авторот



I ГЛАВА

## КОГА, КАДЕ И КАКО ЗАПОЧНАЛА ГОЛЕМАТА БОРБА

16 октомври 2007 година ќе остане посебно запаметен како трагичен ден во македонската јавност, па и пошироко. Тоа се случи во 6 часот и 25 минути на патот за Загреб, во местото Нова Градишка, кога во сообраќајна несреќа почина македонската поп-ѕвезда Тоше Проески. Тага, солзи и длабока болка во душата ги исполнуваше не само членовите на неговото семејство туку илјадници и илјадници луѓе во нашата земја, како и во регионот околу нас. Натписи од типот „Тоше те сакаме“, „Ти си наш ангел“, „Засекогаш ќе останеш во нашите срца“, можеа да се видат напишани насекаде на плоштадите низ целата држава. Во повеќе градови беа отворени Книги на жалост, како кај нас така и кај нашите блиски соседни земји. Тој ден и деновите потоа, главна тема во сите наши медиуми, телевизијата, радиото и печатот беше Тоше Проески. И, ако забележавте во медиумите и во разговорите меѓу луѓето, две работи беа посебно присутни:


На гробот на Тоше Проески

1. Неговите песни од концертите што ги одржал и

2. Често поставуваните прашања: Господе, зошто дозволи тоа да се случи? Зошто, Господе, толку млад да го заврши својот живот?

„Колку ли пати ова прашање е поставено од страна на луѓето: ‚Ако е Бог праведен, зошто Тој не направи разлика меѓу праведните и неправедните овде на земјава?‘ Зошто дозволува често да страдаат и невини луѓе?‘ Вулкан затрупува град со сите негови жители, и во заедничка гробница прибира најголеми грешници заедно со многу невини луѓе коишто искрено му служеле и ја воздигнувале неговата милост. Силен земјотрес, поплава или некоја друга катастрофа остава зад себе пустош, уништувајќи заедно со грешните и илјадници невини луѓе. Неправедно, грозно, одвратно! Зошто?

Пијан возач налетува со камион на лесна кола со двајца младенци кои тргнале на пат да го поминат медениот месец. Колата е смачкана, младенците се мртви, а пијаниот возач жив. Прекината е идилата на двајца млади невини луѓе и прекинати се нишките што воделе во сигурна среќна иднина. - Неправда! Боже, каде си?




Јадосана мајка, од чиишто прегратки смртта грубо и насилно ѝ го оттргнува најмилото невино суштество, бебето, или пак раѓа бебе заболено од рак, од леукемија или од сида, во својот очај гласно прашува: ‘Господе, срцето ми го гламноса, животот ми го запусти! Зошто?‘ Безброј невини, гладни, бедни, болни, обесправени и јадосани заспиваат без надеж во подобро утре. Легнуваат во мрак и со мрак во срцето, а стануваат во магла и со магла во умот. Во своите теглилни маки прашуваат: ‘Зошто и до кога Господе?‘



Колку ли пати ова прашање и ние самите си го поставуваме кога се наоѓаме во тешки околности. Често пати нашиот живот наликува на голема кутија со безброј прашања. ‘Ако е Бог љубов, зошто боледувам од рак?‘ Ако е Бог семоќен, зошто не го спречи мојот брачен другар да не користи алкохол?‘ Морам ли да дојдам до развод за моите деца да растат без мајка или татко?‘“ (Никола Тасевски, *Времето и знаците*, Тетово: Напредок, 2009; 70-72.).

Овие прашања, и безброј други слични на нив, нѐ водат кон она што Светото писмо го нарекува Големата борба меѓу Бога и ѓаволот, односно Големата борба меѓу доброто и злото. Оваа тема, борбата меѓу доброто и злото, е суштинска тема на целото Свето писмо. Од првата до последната страница на Библија, на овој или на оној начин, ни се опишува оваа борба, нејзиниот почеток, нејзиното траење и нејзиниот завршеток.

Во оваа прва глава одблизу ќе се запознаеме со почетокот на овој вековен конфликт. Ќе се запознаеме со почетоците на овој проблем, проблем којшто и нас нѐ засега. Оваа прва тема ќе ни помогне да имаме комплетен увид во целокупната проблематика, овозможувајќи ни јасна слика за работите кои на прв поглед ни изгледаат нејасни, замаглени и кои воопшто не изгледаат онака како што можеби ги гледаме. Затоа од суштинска важност е да одговориме на прашањето: Како започнала оваа борба, на кое место и со која цел се води оваа војна?

Еден од клучните стихови во Библијата кој ни помага да дојдеме до одговор на ова прашање се наоѓа во 1. Јованово 3,8:

*„Кој врши грев од ѓаволот е, зашто ѓаволот греши од почетокот ...*“ (Овој текст, како и сите останати во оваа книга, преземени се од *Библија или_Свето Писмо на Стариот и Новиот завет*, превод на д-р Душан Константинов; Библија: Еуролибер, 1990, 2006; 1132. )

Овој библиски текст нѐ запознава со зачетникот на злото, првиот причинител на злото, првиот грешник. Текстот јасно ни кажува дека Бог не е причинител на злото. Исто така, овој текст ни кажува дека Адам не е првиот грешник, а ниту пак Ева. Оној кој прв направил грев е ѓаволот! Свето-

то писмо многу јасно и недвосмислено кажува дека ѓаволот е оној што згрешил на самиот почеток. Всушност, овој библиски текст сака да ни каже две мошне важни работи:

1. Големата борба не ја започнал човек, туку некое друго суштество кое Библијата го нарекува ѓавол.

2. А ако ѓаволот прв згрешил, како што потврдува и Светото писмо, тоа значи дека Големата борба не започнала на планетата земја, туку надвор од неа, некаде на друго место, бидејќи Адам е првото создадено суштество на планетата Земја.




Библијата точно ги лоцира и причинителот и местото на појава на Големата борба. Војната ја започнал ѓаволот, кој направил грев надвор од нашата планета.

Од каде дошол ѓаволот? Од каде потекнува тој? Кој го создал? Што точно направил? Во што се состоел неговиот грев и на кој начин оттогаш продолжил да дејствува? Еве еден библиски текст кој ни ја открива оваа мистерија:

*„Ти беше печат на совршенството, полн со мудрост и чудесно убав. Во Едем, во Божјата градина, живееше ти; твоето облекло беше украсено со секакви скапоцени камења:сард, топаз и дијамант, хрисолит, оникс, јаспис, сапфир, смарагд и злато. Беа направени тапани и кавали, на денот на твоето раѓање беа подготвени. Те поставив како раскрилен херувим заштитник: беше на светата Божја Гора, одеше среде огнено камење. Совршен беше на патиштата твои од денот на своето создавање додека не ти се зачна беззаконие во срцето*“ (Езекил 28,12-15).



Овие информации ни доаѓаат од прва рака; сам Бог ни ги дава во Светото писмо. Врз основа на овие информации доаѓаме до следни заклучоци:

1. Бог не создал ѓавол, туку ангел херувим, кој во почетокот се викал Луцифер - светлоносец, кој имал прекрасни карактерни особини. Текстот кажува: „*совршен беше*“ - тоа значи дека тој во почетокот немал грев, ниту, пак, склоност кон грев. Од рацете на совршениот Бог не можат да излезат несовршени суштества.

2. „*На денот на твоето раѓање*“ - Библискиот текст е многу јасен. Луцифер има почеток. Тој е создание како и секое друго суштество на земјата и на небото. Тој поседува „извод од матична книга на родените“. Бог е негов создател. Бог му дал живот да биде радосен и среќен, и токму поради тоа тој требало да го сака и да го слави својот Творец.

3. Тој ги имал сите услови да биде среќен. Духовно, интелектуално и естетски бил воздигнат, зашто текстот ни кажува: „*Ти беше печат на совршенството*“ - со овие зборови е изразена неговата извонредна духовност; „*полн со мудрост*“ - тука е опишана неговата беспрекорна интелигенција; „*чудесно убав*“ - тука ни се опишани неговите естетски квалитети. Понатаму, имал најубава средина на живеење - „*Во Едем, во Божјата градина, живееше ти*“, имаше најубава гардероба - „*твоето облекло беше украсено со секакви скапоцени камења: сард, топаз и дијамант, хрисолит, оникс, јаспис, сапфир, смарагд и злато*“. Беше создаден за музика - „*Беа направени тапани и кавали, на денот на твоето раѓање беа подготвени*“.

4. „*Додека не ти се зачна беззаконие во срцето*“ - Гревот се родил во неговото срце. Тој го започнал гревот, тој е негов иноватор.

**Во што се состоел гревот на ѓаволот?** Следните два библиски текстови ни го објаснуваат тоа:

*„Срцето ти се возгордеа заради твојата убавина, ја занемари својата мудрост, заради своето богатство? Твоето срце се возгордеа, ти рече: ‘Јас сум Бог! Седам на Божјиот престол... своето срце го изедначи со Божјото*“‘ (Езекил 28,17.3).

*„Како падна од небото звездо Деницо, сине зорин? Како ли си симнат на земјата ти угнетувачу на народите? Зборуваше во своето срце: 'Ќе се искачам на небесата, над Божјите звезди ќе си издигнам престол за себе...'"* (Исаија 14,12-14).




Постојат најмалку три причини за овој негов бунт, и тоа:

1. Во неговото срце се појавило *незадоволство*. Не бил задоволен со позицијата што ја имал во Божјиот поредок. А бил ангел херувим, најблизок до Бога; водач на небесните хорови. Имал големи привилегии. Но, тој сметал дека не му е доволно тоа што го има. Замислете!

2. *Гордост* - Зар е потребно и јас, како совршена личност, херувим и водач на небесните хорови, да се поклонам пред Господа? Така размислувал Луцифер. Одговорот е: Да, и ти си требал да му се поклониш на својот Творец. Меѓутоа, гордоста не му давала да го направи тоа. Во неговото срце полека почнал да се појавува инает, а тоа го натерало да направи такви планови кои и денеска имаат страшни последици.

3. *Завист* - Му завидувал на Бога. Како може небесните суштества да му се поклонуваат само на Бога! Тој сметал дека и самиот заслужува таква почит. Почнал да негува завист кон Бога, а во исто време правел и планови како да го освои Божјиот престол: *„Зборуваше во срцето свое: ќе се искачам на небесата, ќе издигнам престол за себе".*



Бидејќи злобата, горделивоста и зависта сè повеќе растеле во срцето на Луцифер, неговата совршена природа станувала сè порасипана. Најпосле, тој красен и славен ангел се побунил против Бога, злоупотребувајќи ја способноста на одлучување што му ја подарил Бог.

Пред многу години, еден прочуен уметник ја насликал тајната вечера. Конечно, сите ликови биле готови освен ликот на Исус и Јуда. Со седмици и месеци уметникот талкал низ сицилијанските градови и села, барајќи човек што би можел да му послужи како модел за Исусовиот лик. Еден ден забележал едно момче чиешто лице отсјајувало добрина, љубезност и разбирање. Уметникот веднаш го повикал: „Сакате ли да дојдете во моето ателје? Би сакал да го насликам вашиот портрет. Добро ќе ви платам". Момчето дошло и уметникот го употребил неговиот лик за да го наслика Исус, давајќи му само изглед на малку постар човек.

Следните години уметникот бил во потрага по лик што би можел да му послужи како модел за Јуда, на чиешто лице ќе го види печатот на гревот. Шеснаесет години подоцна, навратил во една гостилница. По своето долго, скоро безнадежно трагање по таков лик, најпосле забележал човек на чиешто лице гревот оставил длабоки траги, давајќи му израз на омраза и горчина. Сликарот го повикал да му позира за ликот на Јуда. Кога стигнале во ателјето, овој човек се обратил кон уметникот со следниве зборови: „Зар вие не се сеќавате на мене?" Уметникот одговорил: „Колку што знам, пред нашата средба во гостилницата никада не сум ве видел". Уметникот се вчудоневидил кога човекот продолжил: „Пред шеснаест година ви позирав за Исусовиот лик".

Да, гревот дегенерира. Тој уништува, расипува. Така и Луцифер, тој возвишен, свет ангел, кој бил во Божјото присуство, се изменил, се дегенерирал.

Забележете една многу важна работа, желбата на Луцифер се зачнала во срцето - во умот. Бог умот го создал како средиште за сите чувства, одлуки и акции. Состојбата на умот се одразува во животот - *„Во срцето свое ја затворив Речта твоја за да не ти згрешам"* (Псалм 119,11). Умот, исполнет со Божји мисли и покорен на неговата волја, служи како

штит од гревот. Меѓутоа, Луцифер го наполнил својот ум со бунтовнички, горделиви мисли. Посакал да биде како Бог.

Бунтот на Луцифер не почнал како израз на негодување; тој ретко некогаш почнува така, дури и кај нас. Тој почнува како тивко, незабележано сомневање овде, малку омраза таму, малку алчност, љубомора некаде на друго место... Набргу сето тоа прераснува во нешто што на почетокот не сме можеле ни да го замислиме.

Забележете една мошне важна работа: првобитниот грев не се состоел од убиство, гатање, неморал, пијанство или дрога. Тоа било избор, начин на однесување кон самиот себе. Колку пати Луцифер за себе зборувал во прво лице еднина? Луцифер имал проблеми со самиот себе. Својот поглед од Бога го насочил кон себеси, сè додека самиот не се поставил како центар на вселената. Неговото преобразување во сатана почнало во моментот кога себеси се прогласил за врховен авторитет и владетел на својот живот, наместо да се потпре на Бога (Јован Михајљчиќ, *Во почетокот Бог...,* учебник по веронаука бр. 9; Белград: Препород, 2003; 124).

Желбата што се родила во срцето на Луцифер да стане Бог, нашла начин да излезе на површина. Наместо да го прифати својот статус на создание и да се потчини на Творецот, тој влегол во отворена борба со својот Создател. Во својот бунт против Бога собрал и други ангели истомисленици, кои ги задоил со својот бунтовен и отровен став кон својот Создател и предизвикал војна на небото.

„Напуштајќи го своето место во непосредна Божја близина, Луцифер отишол меѓу ангелите да шири незадоволство. Дејствувал тајно и извесно време ги криел своите вистински намери под маска на страхопочит кон Бога. Почнал да навестува сомневање во врска со законите што владеат со небесните суштества. Тврдел дека законите можеби им се потребни на жителите на световите, но на ангелите, како повисоки суштества, такви ограничувања не им се потребни, зашто нивната мудрост е доволна да ги води. Наводно, тие не се суштества што можат да го обесчестат Бога; сите нивни мисли се свети и затоа не можат да згрешат како и Бог што не може да згреши. Изедначувањето на Бо-



жјиот Син во честа со Отецот е прикажано како неправда кон Луцифера, кој исто така полагал право на почести и обожавање. Кога овој кнез на ангелите би ја добил својата вистинска, висока положба, тоа - тврдел тој - би им донело голема среќа на сите ангелски војски, зашто тој на сите свои приврзаници би им дал полна слобода“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 10).

Првата војна, се случила горе на небото, борба за Божјиот престол, војна меѓу Создателот од една страна и неговите отпаднати ангели-демони од друга страна.




Како се поставил Бог во таква ситуација?

„Бог во својата голема милост долго го трпел Луцифера. Не го отстранил веднаш од неговата висока положба кога почнал да предизвикува дух на незадоволство, па дури ни тогаш кога почнал да ги шири своите бунтовни барања меѓу ангелите. Долго му било дозволено да остане на небото. Често му било нудено проштавање под услов да се покае и да биде покорен. Вложени се такви напори какви што можела да замисли само неизмерната Љубов и Мудрост за да го одврати од неговите заблуди... Но гордоста го спречувала да се покори. Тврдоглаво ги бранел своите постапки, тврдејќи дека не му е потребно покајание и отворено стапил во голема борба против својот Творец“ (Елена Вајт, *Големата борба* стр. 433).

*„И настана војна на небото; Михаило со своите ангели за-*

*војува против змевот. И змевот и неговите ангели завојуваа, но не устоија и не им се најде веќе место во небото. И беше исфрлен големиот змев, старата змија наречена ѓавол и сатана, кој го заведе целиот свет, беше исфрлен на земјата, и неговите ангели беа исфрлени со него*“ (Откровение 12,7-9).

„Неверојатно! Небесен пуч! Расцеп и распад на небесната монолитност! Раскол! Војна на небото! Две огромни небесни војски, дивизии, корпуси - под две различни знамиња; две милионски армии во судир! На чело на двете спротивставени армии стојат Михајло - Христос и Луцифер, кој ја злоупотребил својата слобода и направил погрешен избор, одбрал погрешен пат и се определил за злото. Тој не е веќе оној благороден и мил Луцифер - светлоносец, син на зората, ѕвезда Деница и раскрилен херувим - туку голема и страшна ламја, стара змија, ѓавол и сатана, одвратен смет (Исаија 14,19), човекоубиец од почеток, лажливец и татко на лагата (Јован 8,44), во чиешто срце беснее гнев, завист, омраза и безмерна злоба, силник и воинствено настроен, кој до дното на душата е проникнат со грев и е извор на гревот. Тој ја губи војната и заедно со своите паднати ангели - сега веќе лоши духови, ѓаволи и демони - се исфрлени од небото и како вселенски бездомници и бандити, терористи и диктатори, барајќи прибежиште во космосот, ја нападнале и нашата планета. Бунтот на Луцифер најнапред започнал како израз на негодување, продолжил како отворен револт спрема Создателот за на крајот да прерасне во отворена голема борба во која што е вовлечена целата вселена, вклучувајќи ја и нашата земја. Во овој конфликт никој не е поштеден“ (*Времето и знаците*, 63).

Каков живот, односно каков свет Луцифер им понудил на постоечките жители на вселената? Живот на изобилство среќа, радост, задоволство и просперитет без послушност кон Божјиот закон, кој наводно им ја ограничува слободата и ги прави несреќни и незадоволни.

А што навистина добивме? Кога му беше допуштено на ѓаволот да ја оствари својата страотна стратегија на пропаст, на што заличил нашиот свет? Во какви услови ние денеска живееме? Навистина ли е светот омилено место за живеење?



Ако само го свртиме нашиот поглед околу нас, ќе забележиме дека сме заробени во еден свет во којшто главни обележја се беззаконието и анархијата. Страдањата и болката станале наше секојдневје. Насекаде околу нас царуваат смрт и болести коишто се директна последица на беззаконието. А сите овие работи ги промовирал самиот ѓавол уште на почетокот, под изговор дека ќе создаде подобри услови за живот? Дали ни е сега јасно кој ги придвижува вулканите, земјотресите и поплавите кои со себе носат милиони луѓе во смрт. Кој ги инспирира луѓето да не ги почитуваат законите во едно општество и ги поттикнува да лажат, да крадат, силуваат и убаваат. Од каде инспирација на луѓето да не ги почитуваат сообраќајните знаци и заедно со себе во сообраќајни несреќи да однесат илјадници човечки животи. Кога ќе ги видиме само извештаите за тоа како злото и смртта земаат сè поголем замав се стаписуваме пред нив. Еве само неколку податоци врзани за растот на беззаконието, кое со себе носи толку многу страдања и смрт:

Во последните 3400 год., мир на земјата имало само 268 години. Видете го само списокот на војни кои се случиле само во 20 век:

Првата и Втората светска војна, корејската, виетнамската, иранско-ирачката, арапско-израелската, војните во Хрватска, Босна, Косово, во Авганистан, Чеченија, Северна и Јужна Ирска, по цела Африка, од Руанда до Сомалија, од Судан до Конго и листата продолжува.






Се смета дека:

- само во 20. век во војна загинале повеќе од 180 мил. мажи, жени и деца.

- 2/3 од целокупното човештво живее во мошне сиромашни земји.

- 4 од 5 бебиња се раѓаат во земји каде што владее сиромаштија.

- денеска во светот годишно умираат околу 7 милиони луѓе од глад, а тоа значи некаде околу 156 000 дневно.

Што да кажеме за поморите и загадената животна средина?

„Само американските фабрики секоја година исфрлаат во воздухот околу 1,2 милјарди килограми отровни загадувачи во воздухот. Самиот воздух што го вдишуваме е проникнат со смрт“ (Хајнрих Хајнц, *Современиот човек и Библијата*, Скопје: Гоце Делчев А. Д. - Скопје, 1998; 134).

„Од болеста сида, најзаразната болест во светот денеска, боледуваат преку 43 милиони луѓе. Само минатата година од оваа болест заболеа нови 4,8 милиони луѓе. И што е уште полошо, две илјади бебиња ја добиваат оваа болест уште во утробата на својата мајка“ (Александро Бујон, *Други Христов долазак,* Београд: Препород, 2009; 83).

Што да кажеме за земјотресите?

Една статистика кажува дека во последните 19 години над 1,5 милиони луѓе ги изгубиле своите животи како последица на силните земјотреси.



Ова е само еден мал дел од извештаите поврзани со растот на беззаконието коешто постои во овој наш свет. Библиската прогноза е дека безаконието ќе има тенденција да се зголеми: *„И како што беззаконието ќе расте, љубовта ќе олади кај мнозина*“ (Матеј, 24,12)

Овој опис што го изнесовме преку овие статистички податоци, мошне реално ни ја опишува состојбата на земјата на која што живееме јас и ти. А сето ова е директна последица на бунтот на ѓаволот, кој денноќно и неуморно ги инспирира луѓето на беззаконие и грев, чиишто последици ги чувствуваме и на наша кожа.

Кога е веќе така, ако ѓаволот, како причинител на злото, ги инспирира луѓето на беззаконие и зло, а лошите дејства на земјата се случуваат како директна последица од неговото дејствување, тогаш се прашувам: Зошто, кога ни се случуваат неволји, повеќе сме склони да го кренеме својот глас против Бога? Зошто си го поставуваме прашањето: Господи, зошто го дозволи тоа? Зошто не го подигаме својот глас против ѓаволот? Зошто нашиот глас не го подигаме против оној кој навистина стои зад сите зли дела што се случуваат на ова наша планета? Тој не му мисли добро на човекот. Библијата него го нарекува *„човекоубиец од почеток*“ (Јован 8,44), додека, Бог во Библијата е наречен наш Татко, Создател и пријател, оној што ни мисли добро:

*„Бидејќи Јас ги знам мислите што ги имам за вас, мисли добри а не лоши, да ви дадам крај каков што посакувате*“ (Еремија 29,11).

Неговиот однос кон нас е заснован на љубов:

*„Одамна ми се јавуваше Господ, те љубам со љубов вечна и затоа постојано ти укажувам милост*“ (Еремија 31,3).

Каков ли бил животот во вселената и на самата земја пред самата побуна? Информации за тоа добиваме од извештајот за создавањето на нашата земја, запишан на почетните страници на Библијата:

*„И Бог виде сѐ што направи, и ете, беше многу добро*“ (1. Мојсеева 1,31).

„Кога земјата излегла од рацете на својот Творец била

совршено убава. Нејзината површина била украсена со гори, со ритчиња о со рамнини, меѓу кои жубореле прекрасни реки и се простирале прекрасни езера. Немало одвратни мочуришта и неплодни пустини. Каде и да се запрел погледот, прекрасни грмушки и милно цвеќе го пречекувале со поздрав. Височинките биле покриени со шуми чиишто стебла биле многу повеличенствени од кој и да е вид дрво кое воопшто постои денеска. Воздухот бил чист и здрав и во него немало ниту траги од заразни испарувања. Севкупната слика на земјата надминувала по својата убавина секој, и најубаво уреден парк. Војските ангели со восхит ја посматрале оваа глетка и му се радувале на прекрасното Божјо дело“ (*Патријарси и Пророци*, стр. 10).

Пред појавата на гревот владеела совршена хармонија во вселената. Меѓутоа, во сиот овој хаос што ѓаволот го предизвикал, рекламирајќи го гревот како свој производ, Бог не останал со скрстени раце. Бог направил совршен и мудар план со цел да го реши проблемот со гревот. Вториот дел од стихот што го прочитавме на самиот почеток, ни го открива Божјиот план, Божјото решение за појавата на гревот:

*„Затоа се појави Божјиот Син да ги разурне делата на ѓаволот*“ (1. Јованово 3,8).

Централен настан во овој план е доброволната смрт на Божјиот Син, а тоа била цената што Бог ја платил за да го реши проблемот со гревот. Но, бидејќи со појавата на гревот сме зафатени и ние како човечки суштества, планот предвидувал секое човечко суштество во овој голем конфликт да се изјасни на чија страна ќе биде. На чија страна ќе се најдеш ти? Ќе го прифатиш ли планот на Создателот да го реши проблемот со гревот и во твојот живот, или ќе се приклучиш на страната на ѓаволот и ќе бидеш дел од бунтот? Јас и ти сме ставени пред избор. Секој од нас треба да одлучи. Од изборот што ќе го направиме денес, зависи нашата вечна судбина. Во својот избор немој да заборавaш на Бога. За кого ќе се определиш?

Пред многу години се одржал еден мошне важен состанок во еден хотел во Чикаго. На тој состанок биле присутни осумте најуспешни луѓе на светот. Тука бил присутен



претседателот на најголемата независна компанија за производство на челик, претседателот на најголемата компанија за производство на стока за широка потрошувачка, најголемиот трговец со пченица во светот, претседателот на Њујоршката берза, членот на кабинетот на претседателот на САД, најголемиот купувач на акции на Волстрит, главниот човек во една од најголемиот светки компании и претседателот на Меѓународната банка.

Замислете ги тие успешни луѓе како седат околу свечено поставената маса со сребрен прибор за јадење, кристални чаши и богато мени пред нив. Можете ли да замислите подобар живот. Искрено кажано, може! И тоа многу многу подобар. Триесет години по овој состанок некој се заинтересирал за судбината на овие луѓе и дошол до запрепастувачки резултати. Претседателот на најголемата компанија за производство на челик, Чарлс Шваб, во последните пет години од својот живот живеел од позајмени пари. Претседателот на најголемата компанија за производство на стока за широка потрошувачка, Семјуел Инсал, побегнал во странска земја за да не го стигне „раката“ на законот. Умрел во прогонство без ниту една пара во џебот. Претседателот на Њујоршката берза, Ричард Витни, минал некое време в затвор. Членот на кабинетот на претседателот на САД, Алберт Фол, бил пуштен од затвор да умре во својот дом. Најголемиот купувач на акции на Волстрит, Џеси Ливермор, извршил самоубиство. Ајвон Кругер, главниот човек на една од најголемиот светки компании, сам си го одзел животот. Претседателот на Меѓународната банка, исто така, се самоубил.

Што се случило? Одговорот е јасен. Планирале само за овој живот, а го изоставиле Бога од своите планови. Библискиот пророк кажува:

*„Пред вас ставам живот и смрт, благослов и проклетство, затоа избери го животот... за да бидеш жив ти и твоето потомство*“ (5. Мојсеева 30,19).

Апостол Јован во своето послание констатира:

*„Кој го има Божјиот Син има живот, кој го нема Божјиот Син нема живот*“ (1. Јованово 5,12.13).

II ГЛАВА

## КАКО БИЛА ВОВЛЕЧЕНА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА ВО ГОЛЕМАТА БОРБА

Враќајќи се од Месечината, на својот пат назад до Земјата, астронаутите имале можност да кружат околу нашата Земја. Биле восхитени од она што можеле да го видат. Зборувајќи за тоа што го гледале однадвор, сите истакнале дека планетата Земја е прекрасна, сјајна, вистински син бесценет камен со величествена убавина. Меѓутоа, штом влегле во атмосферата и се спуштиле на Земјата, астронаутите се вратиле во реалноста на секојдневниот живот. Земјата за нив станала планета во која се војува, во која владее глад, несреќа и смрт. Мажите, жените, децата - сите се подложни на страдања, неволји и смрт. Весниците секој ден се полни со извештаи за несреќи, крвопролевања, природни катастрофи и за опасна загаденост на животната средина.

Гледајќи го тој сјај и таа убавина што Земјата го покажувала однадвор и споредувајќи го со она што предмалку го набројавме како реалност на нашата планета, во нивниот ум се појавило едно многу важно и логично прашање: „На кој начин оваа наша прекрасна планета станала место на неволји и зло?“ Како можело нашата убава сина планета да дојде до толку лоша состојба каква што е денеска?

Верувам дека ова прашање не ги засега само астронаутите, туку и сите нас, бидејќи сите ние живееме на оваа планета, и сè што се случува во неа влијае и на квалитетот на нашиот живот.

Во оваа втора глава ќе продолжиме да го следиме патот на Големата борба меѓу доброто и злото, борба која не се ограничува само на Божјиот престол на небото, туку борба која се проширила и во останатиот дел од вселената. Таа станала вселенски проблем, кој не ја одминал ни нашата планета. И не само што оваа појава не ја заобиколила Земјата туку, по падот на нашите прародители, Адам и Ева, во грев, планетата Земја станала главно бојно поле, центар каде што се води оваа борба. Затоа, прашањата што ќе ги обработиме во оваа глава гласат: Како планетата Земја била вовлечена во Големата борба меѓу доброто и злото? Што им се случило на нашите прародители по падот во грев? Како Бог реагирал на оваа новонастаната ситуација? И секако, најважното прашање: Има ли решение за нас кои живееме на оваа грешна планета?



За да одговориме на овие прашања, потребно е да се вратиме на самиот почеток на создавањето на нашата Земја. Извештајот за создавањето го најдеме уште на првата страница од Светото писмо, во книгата Битие:

*„Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“* (1. Мојсеева 1,1).

Од овој прв текст во Библијата, па понатаму низ целата прва глава во 1. Мојсеева, ние добиваме информации за текот на создавањето на нашата планета како и за создавањето на првиот човек и на првата брачна двојка.

Врз основа на овој извештај можеме да заклучиме дека Бог ја создал нашата планета за 6 дена. Во овој шестдневен период сите животински и растителни основни видови, вклучувајќи го и човекот, биле создадени како возрасни и совршени. Извештајот кажува дека создавањето почнало првиот ден и било завршено до крајот на шестиот ден. Еве го извештајот за тоа што создал Бог во првите шест дена:

1 ден - светлина (1. Мојсеева 1,5)
2 ден - разделување на копното од водата (1. Мојсеева 1,8)
3 ден - растителен свет (1. Мојсеева 1,13)
4 ден - сонцето, месечината и ѕвездите (1. Мојсеева 1,19)
5 ден - птиците воздухот и рибите во водите (1. Мојс. 1,23)
6 ден - животните, човекот и жената (1. Мојсеева 1,24-30)

Последниот стих од 1 глава дава заклучок на сè што било создадено: *„И Бог виде сè што направи, е ете, беше многу добро. И бидна вечер, па утро - шести ден“* (1. Мојсеева 1,31).

Како посебен знак дека целиот свет е создаден за шест дена, седмиот ден бил прогласен како ден за одмор, ден за

сеќавање на тој величествен настан:

*„И ги сврши Бог до седмиот ден своите дела што ги создаде. И почина во седмиот ден од сите свои дела што ги создаде. И го благослови Бог седмиот ден и го посвети, зошто во тој ден почина од сите свои дела што ги создаде*“ (1. Мојсеева 2,1-3).

По овој извештај во првата глава за создавањето на нашиот свет, Светото писмо во 1. Мојсеева 2 глава ни дава информација за животот на нашите прародители во едемската градина пред падот во грев. Тука се опишува едемската градина, како и идеалните услови за живот што ги приготвил Бог за човекот:

*„И Господ Бог насади градина на исток, во Едем, и таму го смести човекот кој што го создаде. Тогаш Бог направи та од земјата изникна секое дрво - убав за погледот и добро за храна - и дрво на животот, среде градината, и дрвото за познавање на доброто и злото*“ (1. Мојсеева 2,8.9).




Во следните неколку стиха ни е опишано Божјото предупредување до човекот:

*„Господ Бог го зеде човекот и го постави во едемската градина, за да ја обработува и да ја чува. Господ Бог му заповеда на човекот, велејќи: ’Јади слободно од секое дрво во градината, но да не јадеш од дрвото за познавање на доброто и злото! Во денот кога ќе јадеш од него, навистина ќе умреш’*“ (1. Мојсеева 2,15-17).



Зошто Бог му дал такво предупредување на човекот? Зошто му забранил да јаде од дрвото за познавање на доброто и злото?

Како што спomenавме во претходната глава, откако Луцифер го изгубил својот статус горе на небото кај Бога, тој станал отпадник или сатана. Во неговото срце сè повеќе почнале да беснеат гнев, завист, омраза, а неговата душа до дно била проникната со грев. Тој станал извор на гревот. И како таков, исфрлен од небото, заедно со своите паднати ангели или демони, станал вселенски бездомник, бандит, терорист и диктатор. Барајќи прибежиште во космосот, се обидел да ја окупира и нашата планета. Новосоздадената планета Земја за него била предизвик да ја освои и на тој начин да му се одмазди на Бога. Еве како го објаснува тоа еден духовен писател:

„На небесниот совет било одлучено ангелите да ја посетат едемската градина и да ги предупредат дека им се заканува опасност од непријателот. Двајца ангели побрзале на својот пат да ги посетат нашите прародители. Тие им кажале дека Бог не ги присилува да му бидат послушни - не им ја ускратува можноста да дејствуваат спротивно на Неговата волја; тие се морални суштества, слободни да одберат да слушаат, но истовремено слободни и да не слушаат.

Им кажале дека ѓаволот решил да им нанесе зло и дека е неопходно да бидат внимателни, бидејќи можат да дојдат во допир со паднатиот непријател. Но, сè додека се послушни на Божјите заповеди, тој не може да им нанесе зло, а ако затреба, сите небесни ангели би им дошле да им помогнат за непријателот да не им нанесе зло. Ангелите им дале прецизни упатства за дрвото за познавање на доброто и злото. Бог нема да му дозволи на ѓаволот насекаде да ги става во искушение. Неговите искушенија ќе бидат ограничени само на дрвото за познавање на доброто и злото.

Адам и Ева ги увериле ангелите дека никогаш нема да ја престапат јасната Божја заповед и дека своето најголемо задоволство го наоѓаат во исполнувањето на Неговата волја. Ангелите им се придружиле на Адам и Ева во светата мелодија која произлегла од хармоничната музика. И додека

нивните песни се издигнувале од прекрасната едемска градина, ѓаволот ги слушал звуците на нивните песни, нивниот радосен славопој упатен до Отецот и Синот. Додека ги слушал, неговата завист, омраза и злоба станувале уште поголеми и на своите следбеници им ја пренел својата желба да ги наведе Адам и Ева на непослушност, за Божјиот гнев да биде упатен кон нив, а тие својата песна на благодарност да ја променат во мелодија на омраза и проколнување на својот Создател“ (Елена Вајт, *Воздигнете го Христа*, Белград: Препород, 2010; 10).

Да, Бог ја предупредил првата брачна двојка на опасноста што им се заканува, меѓутоа, Бог не можел да одбере наместо нив. Нашиот Бог ги создал луѓето сами да одлучуваат за сè и сами да вршат избор. Тој не сакал послушни фигури чиишто движења би биле управувани од некој контролен центар во вселената. Бог не сакал суштества со однапред програмирани одлуки, со постапки за кои самите не можат да одлучуваат, созданија слични на роботи. Бог не сакал да создаде суштества што не можат доброволно да одговараат на неговата љубов. Не сакал ниту фигури ниту пак робови, туку суштества со целосна слободна волја и со способност за одлучување. Но, кога некому му се овозможува избор, тоа значи дека постои можност тоа лице да направи и погрешен избор. Љубовта е подготвена да го преземе и тој ризик.

Дрвото за познавање на доброто и злото било одредено да послужи како средство за испитување и проверка на нивната послушност и љубов кон Бога. Еве го библискиот



Змијата - медиум на сатаната.



извештај врзан за првата средба меѓу непријателот и нашите прародители која била навистина кобна:

*„Змијата беше полукава од сите полски животни што ги создаде Господ Бог. Таа и рече на жената: ’Вистина ли Бог ви рекол дека не смеете да јадете од ниту едно дрво во градината?’ Жената ѝ одговори на змијата: ’Ние јадеме род од секое дрво во градината. Само од плодот на дрвото што е среде градината Бог рече: Не јадете од него! И не допирајте го, за да не умрете!’ А змијата и рече на жената: Не, вие нема да умрете! Туку Бог знае дека, во оној ден кога ќе јадете од него, ќе ви се отварат очите и вие ќе бидете како Бога, распознавајќи го доброто од злото’. Жената виде дека дрвото е добро за јадење, пријатно за очите и посакувано заради мудрост, скина од плодот и го изеде, па му даде и на својот маж и тој го изеде*“ (1. Мојсеева 3,1-6).

За да го изврши своето дело, а тоа да биде незабележано, сатаната решил да ја искористи змијата како свој медиум - што за неговите измамнички намери била одлична маска.

Сатаната многу ретко, скоро никогаш не го открива својот идентитет кога доаѓа да го искушува човекот. Обично тој користи медиуми, посредници. Работите секогаш ги претставува поинакви отколку што се, со намера да измами, да излаже, да занесе и да ги заведе луѓето. И во овој случај тој постапил според својот план за измама.

Анализирајќи го разговорот што го водел со Ева, ќе забележиме дека ѓаволот се потрудил во срцето на Ева да зачне сомнеж кон Бога. Тој сомнеж требало да предизвика нејзина недоверба кон Бога.

Лежејќи удобно на гранката од дрвото на познавање на доброто и злото, змијата се впуштила во пријатен разговор со Ева: *„Дали е вистина дека Бог ви кажа да не јадете од секое дрво од градината?“* (1. Мојсеева 3,1).

Ова сатанско прашање како да навестува дека Бог е неправеден, па тоа отворило простор и за многу други прашања: Дали Бог ви даде вистинска слобода? Дали ви го ускратува задоволството во животот? Вие сигурно би уживале, но тој тоа не сака да ви го даде.

Сакал да ја наведе Ева да помисли дека не може да му

верува на Бога. На ова ѓаволско прашање Ева одговорила повторувајќи ги Божјите упатства со свои зборови:

*„Ние јадеме род од секое дрво од градината, само од родот на она дрво среде градината, кажа Бог, не јадете и допирајте го за да не умрете*" (1. Мојсеева 3,2.3)

Додека му кажувала зошто Бог им поставил таква забрана, во нејзините зборови ѓаволот забележал призвук на незадоволство, а нејзиниот глас одразувал чудење. Во секој случај, сатаната дошол до заклучок дека треба да премине на следната фаза од измамата.

Овој мал траг на сомнеж во гласот на Ева го означил почетокот на нејзиниот крај. Тој почнал да си игра со идејата дека не ѝ се потребни толку ограничувања на нејзината слобода во животот. И така, ѓаволот преминал на трите очигледни лаги коишто и денеска претставуваат темел на ѓаволската кампања против Божјите созданија. Кои се тие три лаги што ѓаволот и денеска ги користи?

**1 лага:** ГРЕВОТ СИГУРНО НЕМА ДА ВИ НАШТЕТИ

Штом Ева изјавила дека ќе умрат доколку загризат од забранетиот плод, ѓаволот ѝ се спротивставил со утешно но изненадувачко ветување: Не им верувајте на тие зборови, Вие нема да умрете! Сатаната, иако добро ги познавал страшните последици на гревот, сепак одлучил да се послужи со измислени работи. Ја убедил Ева дека непослушноста воопшто не е фатална и дека гревот нема никакви сериозни последици. Тоа е само празно предупредување, Ева! Само напред и уживај! Како да сакал да ѝ каже дека може да прави сè што сака а сепак ќе остане бесмртна. Ѝ ветил нешто што само Бог го дава - вечен живот (*Во почетокот*, 131).

**2 лага:** ГРЕВОТ ЌЕ ГО УНАПРЕДИ ВАШИОТ ЖИВОТ

Ѓаволот сега од една лага преминал на друга. Тој рекол: „Ќе бидете богови!" На Ева ѝ кажал дека, доколку биде независна од Бога, ќе го направи својот живот потполн, целосен и возбудлив: *„Но Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло*" (1. Мојсеева 3,5).



Тој им ветил длабока мудрост - „ќе ви се отворат очите", ќе добиете поголема сила и потполна слобода - ќе бидете како богови. Ѓаволот ја повикал Ева да гледа на себе како божествено суштество, себеси да се стави во центарот на својот свет и самата да стане како Бог. Ѝ ветил дека ќе биде самостојна, премудар владетел на својот живот, и дека не мора да се откаже од ништо - дури ни од вечниот живот. „Потпри се на самата себе, Ева! Одлучувај сама за себе и не му дозволувај на Бога да ти ги ускрати твоите права" (Во почетокот, стр. 131). Овој стил на однесување на ѓаволот станал стандарден и тој со него се служел да ги заведе луѓето во сите времиња, па и денеска.

**3 лага:** МОЖЕШ ДА ДОБИЕШ СÈ ШТО ЌЕ ПОСАКАШ - ВЕДНАШ И СЕГА!

Ева сигурно била возбудена од оваа понуда. Замислете си го тоа! Да биде господар на својот живот! Сама да си ги прогласува своите правила! А што ако згреши? Не е важно! Нема да има никакви последици, нема да има смртна казна. Колку ли само привлечна мамка се појавила пред Ева. Како на крајот да ја наведам да се фати за оваа мамка? - се прашувал ѓаволот.

*„Жената виде дека дрвото е добро за јадење, пријатно за очите и посакувано заради мудрост, скина од плодот и го изеде, па му даде и на својот маж и тој го изеде*" (1. Мојс. 3,6).

„Она што, всушност, ѓаволот ѝ го нудел изгледало како пријатно искуство кое можела да го добие веднаш и сега.

